ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2019 ГОДИНА НА

# ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2020 07 02/2

**Скопје, јуни 2021 година**

# С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 20 |
| Финансиски извештаи за 2018 и 2019 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 21 |
| Биланс на состојба | 22 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 23 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 24-26 |
| - Сметководствени политики | 27-29 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 30- 36 |

Кратенки користени во извештајот:

ЕЛС - Единици на локалната самоуправа
МФ - Министерство за финансии
ЗЕЛС- Заедница на единиците на локалната самоуправа
ФУК - Финансиско управување и контрола
ЗЈВФК - Закон за јавна внатрешна финансиска контрола
АКН - Агенцијата за катастар на недвижности
АПВ – Агенција за привремени вработувања
ДИТ- Државен инспекторат за труд

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 13-656/7
Дата: 30.06.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (637) на Општина Гази Баба за 2019 година.

Ревизијата изрази неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2019 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Извршена е ревизија за 2010 година и издаден е извештај за финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на Општина Гази Баба сметка на основен буџет (637) во кој е изразено мислење со резерва за реалноста и објективноста на прикажаните состојби во финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Во февруари 2012 година извршена е проверка на преземените мерки по дадените препораки во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи со ревизија на усогласеност за 2010 година на сметката на основен буџет (637). Со проверката е констатирано дека од дадените шест препораки три се спроведени, една не е спроведена, една препорака е во тек и една е делумно спроведена. Со оваа ревизија е утврдено дека дадените препораки не се имплементирани.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Општина Гази Баба, сметка на основен буџет (637) за 2019 година, е констатирано следното:

- Советот на Општината не ги усвоил Годишните планови за вработување донесени од страна на Градоначалникот;

- за прекувремената работа на вработените во текот на 2019 година Општината не пријавила во Државниот инспекторат на трудот – прекувремена работа;
- во Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации нема утврдено критериуми туку предвидено е изборот да го врши Градоначалникот;
- за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортските манифестации, не е утврден минималниот и максималниот износ на финансиска поддршка;
- пописот на средствата и обврските со состојба на 31.12.2019 година не е извршен во целост како што е предвидено во законските и подзаконските акти;
- надзор над работата на ЈКП во делот на реализација на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленило на јавните површини на подрачјето на општината врши лице вработено во општината без пропишана постапка на надзор;
- договорите за изработка на просторни и урбанистички планови кои се едногодишни се реализираат во период од 5 до 6 години;
- во извештајот за реализација на Програмата за култура не се реално прикажани потрошените средства;
- за ангажираните артисти и лица задолжени за техничка организација на манифестациите по Програмата за култура не се склучени авторски договори;
- во дел од капиталните инвестиции не се почитуваат одредбите од Законот за градење;
- поради неправилно планирање на набавката за ставката Привремени вработувања надмината е вредноста на склучените договори, а во текот на 2019 година се реализираат три различни договори;
- склучени се договори за дело со физички лица за услуги од сликање, снимање, монтирање, режија, без спроведена постапка за јавна набавка.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

На Нацрт извештајот од одговорното лице на Општина Гази Баб не се доставени забелешки.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 21 до 23 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Гази Баба сметка на основен буџет (637), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основниот буџет (637) на Општина Гази Баба за 2010 година и е изразено мислење со резерва за реалноста и објективноста на прикажаните состојби во финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Општина Гази Баба застапувано од:

- Борис Георгиевски, градоначалник на Општина Гази Баба од 01.11.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални

аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

**2.1.** Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната

законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на општината, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 14.01.2021 до 23.04.2021 година кај Општина Гази Баба од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор;
- Бранко Смилевски, раководител на ревизија и овластен државен ревизор;
- Наде Бојаџиевска, самостоен ревизор и овластен државен ревизор;
- Марија Трајковска, самостоен ревизор;
- Рамадан Алија, самостоен ревизор;
- Фарук Невзади - самостоен ревизор;
- Александра Димовска Чрчева - виш ревизор и овластен државен ревизор;
- Адем Тахири-ревизор и
- Исни Абдулаи – помлад ревизор.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Во февруари 2012 година извршена е проверка на преземените мерки по дадените препораки во Конечниот извештај за извршената ревизија на регуларност за 2009 година на сметката на основен буџет (637). Со проверката е констатирано дека од дадени шест препораки три се спроведени, една не е спроведена, една препорака е во тек и една е делумно спроведена. Со оваа ревизија е утврдено дека дадените препораки не се имплементирани.

## 4. Наоди и препораки

На Нацрт извештајот од одговорното лице на Општина Гази Баба не се доставени забелешки.

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на ден 06.05.2021 година.

Констатирани се следните состојби:

## 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Во Општина Гази Баба исплатата на прекувремени часови на работа на вработените се врши врз основа на налог за прекувремена работа и решение од градоначалникот, конкретно за секое лице поединечно. За потребата од прекувремена работа на вработените во текот на 2019 година, општината не пријавила во Државниот инспекторат на трудот – прекувремена работа што е спротивно на член 117 од Законот за работни односи.
Во месец март за прекувремена работа во текот на една недела исплатено е на тројца вработени по 16 работни часа. Во месец септември пак за прекувремена работа во една недела исплатено е на тројца вработени по 24 работни часови. Од увидот во документација на општината утврдивме дека прекувремената работа се однесува на вработени од Секторот за инспекциски работи – инспекторат – одделение за комунална инспекција, инспекција за животна средина и градежна инспекција, односно самостоен референт - комунални редари кои по налог на градоначалникот вршеле контрола на терен на подрачјето на Општина Гази Баба во сабота и недела.
Законски утврдениот максимум на прекувремени работни часа во текот на една работна недела е 8 работни часа, а согласно член 16 од Колективниот договор[1] на 6 работни часа неделно.
На овој начин не се почитуваат правата од работен однос на работниците кои се ангажираат во сабота и недела и со тоа немаат законски предвиден одмор во текот на една недела.

**Препорака**
Одговорните лица во општината да преземат активности околу ангажирање на лица за вршење на контроли во неработни денови, да се врши навремено известување на ДИТ и примена на одредбите на законската регулатива и колективниот договор, а распоредот на лицата кои ќе вршат контроли да се врши согласно расположливиот кадар.

4.1.2. Од увид во листите за исплата за привремени вработувања, за 2019 година утврдено е дека истите лица се ангажирани за цело времетраење на годината. Со увид во списоците на лица ангажирани преку приватна агенција за привремени вработувања утврдено е дека дел од лицата се ангажирани од 2013 и 2014 година (10 лица), а дел се од 2016, 2017 и 2018 година (20 лица).
Наведената состојба не е во согласност со одредбите од членот 24 став 1 од Закон за приватни агенции за вработување, според кој приватната агенција за вработување може врз основа на договор за отстапување на работник, да отстапи работник на друг работодавач за вршење на привремени работи во случај на: замена на

[1] бр. 03-4741/1 од 11.11.2019 година

привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проект, специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на работодавачот, корисник. Договор за отстапување на работник за вршење на исти привремени работи може да се склучи за време додека трае потребата, но не подолго од две години.

Со увид во поединечните договори на лицата утврдивме дека исти лица се ангажирани за работи и работни задачи на работни места кои согласно Правилникот за систематизација се предвидени, а не се пополнети.

Оваа состојба е резултат на тоа што од 2017 година до денес Советот на Општина Гази Баба не ги има усвоено Годишните планови за вработување донесени од Градоначалникот на Општина Гази Баба, ниту пак има нови вработувања согласно Законот за административни службеници.

Во услови на отсуство на план за вработување на Општината и одливот на кадар по разни основи, доведува до недостаток на вработени на раководни позиции од значење за функционирање на општината. Секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај нема раководител на секторот и на одделенијата. За позицијата раководител на сектор ангажирано е лице преку агенција за привремени вработувања, а истиот потпишува акти и располага со Буџет од 181.830 илјади денари што претставува 20% од вкупниот Буџет на Општина Гази Баба за 2019 година.

Со увид во договорите за ангажирање на лица од агенција за привремени вработувања, и висината на нето платата за која се ангажирани утврдено е дека истата не соодветствува со платата на државен службеник на тоа работно место. Со исто звање вработените земаат различна нето плата. Исто така од Градоначалникот испратено е известување до Агенцијата за привремени вработувања [2] со кое се бара да се зголемат платите на осум од ангажираните лица, што укажува дека Градоначалникот има дискреционо право да ја утврдува висината на платата на вработените кои се ангажирани преку агенција за привремени вработувања. На овој начин се ставаат во нееднаква положба вработените кои извршуваат работи и работни задачи од редовен работен однос со оние кои се ангажирани преку агенција за привремени вработувања кои за исти работи и работни задачи земаат поголема плата.

**Препорака:**

- Градоначалникот и надлежните во служби во Општина Гази Баба да преземат мерки и активности и тоа:
- ✓ за пополнувањето на испразнетите работни места на позиции важни за нормално функционирање на општината согласно Законот за административни службеници и

[2] бр. 04-4605/1 од 01.11.2019 година

- ✓ висината на платата на вработените кои се ангажираат преку агенција за привремени вработувања да е во согласност со утврдената висина на платата за работното место за кое се распоредени.

- Советот на Општина Гази Баба да го донесе Годишниот план за вработување предложен од Градоначалникот.

4.1.3. Општина Гази Баба донела Правилник за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес[3]. Во член 8 од Правилникот е предвидено дека изборот на проектите на здруженијата на граѓани и фондации од локален интерес го врши Градоначалникот на предлог на Комисијата.
Со Решение[4] на Градоначалникот на Општина Гази Баба формирана е комисија. На 10.07.2018 година објавен е јавен повик за прибирање на барања за користење на средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации. Во јавниот повик се дефинирани услови кои треба да ги исполнуваат подносителите на барања и тоа: да се регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации и да се занимаваат со активности и проекти од јавен интерес.
За својата работа Комисијата составила Записник[5], во кој определила на кој проект колку средства ќе му бидат доделени, но не утврдила критериуми по кои ќе ги рангира проектите, односно минимум и максимум средства за финансирање на секое поднесено барање. При вршење на избор на проекти во записникот комисијата не ги навела основите по кои одлучила на која апликација колку средства ќе и се доделат.
Ваквата состојба не е во согласност со член 49 од Законот за здруженија и фондации и истата доведува до несоодветен и субјективен начин на распределба на паричните средства за реализација на програмските активности.
Комисијата не изготвила ниту формален предлог до Градоначалникот, а ниту пак Градоначалникот донел Одлука кои проекти се избрани што не е во согласност со член 8 од Правилникот. Програмата за проекти од здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба која е усвоена на Советот на општината[6] е изготвена врз основа на Записник од Комисијата.
Имајќи предвид дека Програмата ја носи Советот на општината и истиот има право да ја измени или дополни, постои ризик да не биде земена в предвид работата на комисијата која претходно ги разгледувала пристигнатите барања и проектите.

---

[3] (Службен гласник на општина Гази Баба бр. 12/2011 и 1/2015)
[4] бр. 08-161/1 од 12.01.2018 година
[5] бр. 08-сл.од 31.08.2018 година
[6] под бр. 09-5635/43 од 24.12.2018 година

**Препорака:**

Одговорни лица во општината да преземат активности за:

- измена на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации во насока на измена на редоследот на активностите, односно прво да биде донесена и усвоена Програмата за проекти од здруженија на граѓани и фондации, а потоа да се распише јавен повик и комисијата да ги разгледа пристигнатите барања и да даде предлог до Градоначалникот за склучување на договор со избраните апликации.

- да се утврдат критериуми, секој критериум да носи одреден број на бодови, врз основа на кои комисијата ќе постапува и ќе ги рангира поднесените барања. Исто така комисијата во зависност од висината на средствата предвидени во програмата да предвиди минимален и максимален износ на финансиски средства кои ќе може да се доделат на една апликација.

4.1.4. Советот на Општина Гази Баба усвоил Програма за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2019 година[7]. Во програмата се предвидени вкупно 1.380 илјади денари средства за реализација на истата. Во програмате се предвидени вкупно 20 настани, а средства се предвидени само за 8 од нив, за останатите манифестации не се предвидени средства. На 30.08.2019 година направена е Измена и дополнување на програмата за култура и клутурни манифестации[8] со што вкупниот износ на средства по однос на програмата се зголемил на 4.985 илјади денари, што значи зголемување на вредноста на програмата за 361,23%. Со измената се предвидени средства за манифестациите за кои при првично донесената програма не се предвидени средства.

Со увид во документацијата од реализација на Програмата за култура ревизијата го утврди следното:

- исплатените средства за одредени манифестации се повисоки од планираните средства предвидени во Програмата за изменување и дополнување на програмата за култура и културни манифестации. Така за манифестацијата „Ревија за народни носии, песни и инструменти" планирани се 270 илјади, а исплатени се 302 илјади. За манифестацијата „Ден на солидарноста" планирани се 100 илјади денари, а исплатени се 129 илјади денари. За „манифестација Спасовден" планирани се 100 илјади денари, а исплатени се 128 илјади денари.
- за реализацијата на Програмата изготвен е Предлог-извештај кој со Заклучок[9] на Советот на општината е усвоен. Во извештајот се дадени податоци за потрошените средства за секоја манифестација поединечно како

---

[7] бр.09-5635/41 од 24.12.2018 година
[8] бр. 09-3336/58 од 30.08.2019 година
[9] бр. 09-1090/18 од 28.02.2020

и вкупно потрошените средства од 3.191 илјада денари. Ревизијата утврди дека за овие манифестации за кои е надминат износот предвиден во Програмата, во извештајот нереално се прикажани направените расходи. Така за „Манифестација Спасовден“ во извештајот е наведено дека се потрошени 93 илјади денари, а платени се 128 илјади денари. За манифестацијата „Денови на солидарност“ во извештајот е наведено дека се потрошени 89 илјади денари, а платени се 129 илјади денари. За манифестацијата „Ревија на народни носии, инструменти и песни“ во извештајот е наведено дека се потрошени 263 илјади денари, а платени се 302 илјади денари. Начинот на трошењето на буџетските средства над планираното за одредени намени придонесува за ненаменско користење на буџетските средства.

- За реализација на манифестациите од Програмата за култура исплаќани се артисти и лица задолжени за техничка организација на манифестациите преку авторска агенција по основ на испратени про-фактури. Во прилог на про фактурите врз основа на кои се вршени плаќања за манифестациите во вкупен износ од 4.336 илјади денари нема авторски договори склучени поединечно со секое лице кое се ангажира за конкретна активност во рамките на манифестациите. Исплатата се врши врз основа на список кој одговорното лице од општината го испраќа до авторската агенција. На овој начин, без да се уредат облигационите односи, односно без да се обезбеди правен основ за ангажирање на лицата, вршени се плаќања на авторски хонорари. Про фактурите се однесуваат за повеќе лица и од нив неможе да се утврди кое лице за која активност било ангажирано. Ова создава ризик да се платат лица кои воопшто не биле ангажирани во манифестацијата.

**Препорака:**

- Надлежните лица при изготвување на Програмата за култура да предвидуваат средства за реализација на секоја манифестација поединечно и во зависност со предвидените средства во Буџетот на Општината за оваа намена.

- При изготвување на Извештајот за реализација на Програмата за култура, да се следи секое плаќање и да се поврзува за конкретна манифестација со цел правилно и реално прикажување на потрошените средства предвидени во програмата.

- Одговорните лица да преземат мерки при ангажирање на лица за авторски дела, задолжително да се склучи договор со лицето во кој ќе се уредат правата и обврските на двете договорни страни и истите ќе се доставаат до авторската агенција која врз основа на нив ќе изготви пресметка за исплата.

4.1.5. Советот на Општина Гази Баба на 24.08.2018 година донел Правилник за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортските манифестации, кои се одржуваат во Општина Гази Баба. Во член 2 став 2 од правилникот е утврдено дека минималниот и максималниот износ на финансиска поддршка се утврдува во одлука за извршување на Буџет на Општина Гази Баба.

Со увид во Одлука за извршување на Буџетот[10], како и двете Одлука за изменување на одлуката за извршување на Буџет[11], утврдено е дека не е утврден минималниот и максималниот износ на финансиската поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти и други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации.

Со Решение од Градоначалник[12] формирана е комисија. На 15.09.2018 година објавен е јавен оглас.

По објавен јавен повик и прибрани барања, комисијата ги разгледала и донела Одлука [13]во која се утврдени кои спортски клубови се одбрани да влезат во Програмата за спорт, како и со колкав износ ќе бидат финансирани. Врз основа на Одлуката на комисијата е изготвена е Предлог - Програма за спорт на Општина Гази Баба. На седница на Совет на Општина Гази Баба усвоена е Програмата за спорт[14] во која се предвидени средства во висина од 1.850 илјади денари. Со ребаланс на Буџетот, Советот на Општина Гази Баба усвојува Програма за измена на програмата[15] со која се зголемува вредноста на програмата на 4.916 илјади денари. Подоцна е направена уште една измена на Програмата со која се зголемени финансиските средства за уште 617 илјади денари. Со двете измени вредноста на Програмата се зголемила на 5.533 илјади денари што претставува зголемување за 300%.

Во измената додадени се две нови активности и тоа: реализација на обуки, работилници, меѓународна соработка, меѓу општинска соработка, трибини и други проекти и упис на терени и објекти за спорт во сопственост на Општина Гази Баба за кои се издвоени 2.000 илјади денари. Сите останати средства линеарно им се распределени на спортските клубови и манифестации кои претходно биле влезени во Програмата. Со оглед дека по донесување на првичната програма, се склучени договори со клубови и спортисти, по измената се склучувани Анекс на договорите со цел да им се исплатат дополнително определените средства.

Постапувајќи на овој начин, со донесување на Измена на програмата од страна на Советот на Општина Гази Баба, без претходно да се објави оглас и да се спроведе транспарентна постапка за доделување на средствата, доделени се дополнително

[10] бр. 09-5635/56 од 24.12.2018 година
[11] бр. 09-182/4 0 од 25.01.2019 и бр. 09-3336/79 од 30.08.2019 година
[12] бр. 08-3915/1 од 05.09.2018 година
[13] бр.18-4053/2 од 18.12.2018 година
[14] бр. 09-5635/44 од 24.12.2018 година
[15] бр. 09-3336/61 од 30.08.2019 година

средства во износ од 1.683 илјади денари на истите спортски клубови и манифестации на кои веќе им биле доделени средства со првично усвоената Програма за спорт кое не е во согласност со член 22 а од Законот за спорт.
Со ваквото постапување прекршени се одредбите од Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации[16] во кој е утврдена постапката за донесување на Програмата.
Од страна на Секторот за поддршка на градоначалникот и јавни дејности увидени се слабостите во постапувањето и направена е Измена на Правилникот за финансиска поддршка на спортските клубови бр. 09-3039/14 од 25.09.2020 година во која е предвидено јавниот повик да се распишува откако ќе биде усвоена Програмата на Советот на Општина Гази Баба во која ќе бидат утврдени износите за финансирање на поединечни видови на спортови, а потоа ќе следи објавување на јавен повик за прибирање на барања.

**Препорака:**
Во иднина при работа на комисијата, да се определат критериуми по кои комисијата ќе ги бодува и рангира апликациите и ќе утврди минимален и максимален износ на финансиска поддршка со цел правична распределба на средствата предвидени во Буџетот за финансирање на спорт на Општина Гази Баба.

4.1.6. Секоја година Општина Гази Баба распишува јавна набавка и склучува договор за изработка на урбанистички планови и проекти. Со увид во плаќањата во текот на 2019 година, ревизијата утврди дека плаќањата се однесуваат како на обврски по договор од 2019 година, но и на плаќања кои произлегуваат од договори од 2013 и 2014 година. Во договорите за изработка на урбанистички планови е предвидено дека се склучуваат за важност од една година. Но со увид во документацијата е утврдено дека истите се реализираат во период подолг од една година, односно некои договори и по 5-6 години.
Така договорот бр. 27- 4055/15 од 14.11.2014 година кој е склучен на износ од 8.300 илјада денари се реализирал во периодот 2015 - 2019 година. Еден ден пред истекот на важноста на договорот од страна на Секторот за урбанизам и градежни работи даден е Налог за работа бр.08-4334/2 од 13.11.2015 година. Од страна на носителот на набавката за првпат е преземено дејствие во електронскиот систем на е-урбанизам на 23.05.2016 година, што значи по изминување на половина година од дадениот налог. Во општината за првпат е доставен Предлог ДУП (што е основ за наплата на прва рата од договорот) на 08.01.2019 година односно по 3 години.
Овој договор се реализирал во вредност од 2.954 илјади денари или 36% од вкупната вредност.

[16] бр. 09-3609/58 од 24.08.2018 година

Ова значи дека средствата кои се предвидени за овој договор во Буџетот на Општината за тековната година не се реализирале. Со оглед дека е склучен договор средствата се резервирани и истите неможат да се пренаменат.
Доцнење во реализација на договорите се должи на тоа што во договорот не е предвиден прецизен рок за секоја активност, односно е оставено рокот да се определува поединечно со писмен налог кој ќе се издаде од страна на одговорното лице од Секторот за урбанизам. Но со увид во издадените налози ревизијата утврди дека не се определувани рокови. Тоа придонело да се оддолжи реализацијата на конкретните налози. Исто така во договорите не се предвидени казнени одредби за ненавремено и неквалитетно извршување на обврските од договорот, што исто така придонело носителите на набавката да ја одолговлекуваат реализацијата на договорот.

**Препорака:**
Одоговорните лица во општината да преземат мерки - во договорите од јавна набавка на услуга – изработка на урбанистички планови прецизно да се утврдат рокови за реализација на секоја од поединечните активности кои треба да ги преземе носителот на набавката, како и да се предвидат одредби за договорна казна во случај на ненавремена реализација на договорот.

4.1.7. Согласно Законот за јавна чистота Советот на Општина Гази Баба донел: Програма за одржување на јавна чистота и зеленило на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и Програма за работа на ЈКП „Гази Баба – 2007„ за 2019 год. Со увид во документацијата ревизијата го утврди следното:

- Планираните потребни средства за реализација на Програмата се во вкупен износ од 13.710 илјади денари, во 2019 година реализирани се расходи од 15,860 илјади денари, што е за 2,150 илјади повеќе од планираното;
- Цените се дадени согласно работните операции – со ценовник од 2018 година;
- Согласно Програмата за одржување на јавна чистота и зеленилото на јавните површини, површината на јавни зелени површини (зеленило на станбени објекти, училишни дворови, покрај улиците, скверовите, зеленило покрај јавни институции, деловните и трговските центри, тротоари, патеки и плоштади ) во урбаниот дел на Општината изнесува 307.389 м$^2$ и околу 200.000 м$^2$ површина (паркови, игралишта, тротоари, јавни установи) во руралниот дел на Општината. Овие површини се исти како и во претходните програми за 2018, 2019 и 2020 година.
- Со анализа на расходите за одржување на јавно зеленило утврдивме дека има зголемување на истите од година во година, и тоа:
    - 2018 година расходи во износ од 8.870 илјади денари;

- 2019 година расходи во износ од 15.860 илјади денари што е за 55,93% повеќе во однос на 2018 година и
- 2020 година износ од 28.344 илјади денари или 55,96% повеќе во однос на 2019 година, односно 319,55% повеќе во однос на 2018 година.

- надзор над работата на ЈКП се врши од страна на лице вработено во Општината со овластување од Градоначалникот. Надзорот се врши врз основа на одредба предвидена во Програмата за одржување на јавната чистота и зеленило на јавните површини на подрачјето на Општината, без да биде утврден начинот на вршење на надзорот на извршените работни задачи без увид во пропратна документација, записник, градежна книга како потврда за извршената работа;
- изготвени се фактури за работи кои не одговараат на сезоната во годината.

Исплатата на средства без утврден надзор по вид, обем на работите, како потврда од страна на надзор за извршената работа и цени, кои би можеле да ја потврдат точноста на испорачаната услуга, придонесува за постоење на ризик од ненаменско и незаконско трошење на буџетските средства.

**Препорака:**
Одговорните лица во Општина Гази Баба да преземат активности за воспоставување на надзор по вид и обем на работите, со увид на лице место и увид во пропратната документација.

4.1.8. За изградба на водоводна и канализациона мрежа во нас.Хиподром 2, општината склучила договор [17] со вредност на договорот од 10.444 илјади денари со вклучен ДДВ и Анекс на договорот бр26-1012/8 од 14.03.2018 за дополнителни работи. За изведените работи изготвени се пет времени ситуации и завршна ситуација од август 2018 година во вкупен износ од 12.124 илјади денари. Дел од ситуациите (1ва, 2ра и 3та ситуција со вкупна вреност од 8.055 илјади денари) не се потврдени од надзорен орган и инвеститорот како потврда за изведените работи. Исто така не е изготвен Извештај за технички преглед /прием од страна на надзорниот орган, што не е во согласност со член 89 став 5 од Законот за градење.
Пуштање во употреба на објект без Извештај за технички прием со кој се потврдува дека нема недостатоци кои ги нарушуваат основните барања на градбата и не издадено одобрение за употреба може да доведе до непредвидени ризици по имотот и животот на граѓаните во општината.

4.1.9. За Изградба на Детска градинка во населено место Стајковци - Прва фаза, Општината склучила Договор бр.1896/4 од 10.05.2019 на износ од 26.334 илјади

[17] бр. 26-2978/6 од 10.10.2017

денари со пресметан ДДВ и намалување од 4%. Во текот на 2019 година изготвени се 4-ри времени ситуаци во вкупен износ од 12.670 илјади денари и исплатен е вкупен износ од 9.311 илјади денари. Во текот на 2020 година има изготевено 4-ри времени ситуации. Завршна ситуација не е доставена, бидејќи сеуште не е склучен Анекс договор за непредвидени работи од страна на Инвеститорот, иако од страна на Изведувачот доставено е барање бр.03-37/12 од 08.06.2020 со конечна предмер пресметка за непредвидени работи и понуда. По извршениот увид на лице место од страна на ревизијата утврдено е дека објектот е при крај со Втората фаза на изведба, а за правата фаза сеуште не е изготвен извештај за извршен технички преглед. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со одредбите од Законот за градење: член 36 став 3, односно за секоја фаза во текот на градење на градбата надзорниот инжинер составува писмен извештај за извршената проверка со оцена за усогласеност на градбата со проектот и условите за градење, и член 89 став 5, односно техничкиот преглед го врши надзорниот инженер за што изготвува извештај за извршен технички преглед.

**Препорака:**
Градоначалникот на општина Гази Баба и надлежните служби навреме да преземаат мерки за обезбедување на извештај за технички преглед на секоја градба согласно одредбите од Законот за градење.

4.1.10. За Ревитализација на водоводна примарна и секундарна мрежа на територија на Општина Гази Баба (село Булачани), склучен е договор бр.26-4770/7 од 28.11.2018 на вкупен износ од 18.592 илјади денари со вклучен ДДВ и договор со бр.26 - 1520/2 од 17.03.2020 за уредување на кусоците и вишоците кои се настанати во текот на изведување на работите со кој вредноста на договорот се менува односно намалува на 16.131 илјади денари со вклучен ДДВ.
За изведените работи изготвени се пет (5) времени ситуации потврдени од надзор и инвеститор во вкупен износ од 16.131 илјади денари (2019 година четири ситуации на вкупен износ од 10.975 илјади денари и 2020 година една ситуација на износ од 5.157 илјди денари). Платено по ситуации е во вкупен износ од 4.364 илјади денари. Објектот е пуштен во употреба согласно Завршниот извештај за извршен технички преглед од страна на Надзорниот инженер. Од извршениот увид на лице место утврдивме дека во некои делови ископот од каналот за водоводна цевка не е вратен во првобитна состојба или не е асфалтиран во делот каде што имало асфалт, што не е во соглсност со одредбите од договорот при што постои ризик од дополнителни трошоци на Општината.





**Препорака:**
Градоначалникот и надлежните служби да преземат мерки и активности во делот на реализација на договорите и во случаите кога истите не се почитуваат да преземат казнени санкции.

**4.2. Финансиски извештаи**

4.2.1. Пописот на средствата и обврските со состојба на 31.12.2019 година не е извршен на начин согласно одредбите од членот 31-а, 31-в и 33 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поради следното:

- извршен е физички попис на градежните објекти и опремата при што ревизијата утврди дека голем број на основни средства немаат инвентарени броеви, за кои во пописните листи не се внесени вредности што оневозможува да се изврши усогласување на фактичката состојба утврдена со пописот со сметководствената евиденција;
- со пописот на обврските со 31.12.2019 година не е утврден правниот основ за нивното постоење, старосната структура, причините за неизмирените обврски и дали истите се утужени од доверителите. На барање на ревизијата од Секторот за финансии доставени се податоци за старосната структура на обврските и тоа: од 2017 година обврски во износ од 7.246 илјади денари, од 2018 година обврски во износ од 20.245 илјади денари и од 2019 година обврски во износ од 64.866 илјди;
- Извештајот за извршен годишен попис во Општина Гази Баба со состојба на 31.12.2019 година, бр.03-716/1 од 07.02.2020, не е потпишан од двајца членови на комисијата, со што не е постапено согласно член 31-а од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

- Решението за усвојување на извештајот за попис на средствата, побарувањата и обврските за 2019 година потпишано од Градоначалникот, бр.03-2119/1 е од 22.06.2020 година, односно истиот не е усвоен во пропишаниот рок согласно Правилник за сметководството за буџетите и буџетските корисници, член 35 според кој крајниот рок за усвојување на извештајот е дваесет дена пред доставување на завршната сметка (08.02.2019).

Непреземањето на активности и мерки во согласност со законските и подзаконските акти кои го регулираат спроведувањето на пописот, предизвикува неможност да се утврди фактичката состојба на средствата и обврските и да се изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба и реално искажување на истите во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Градоначалникот во соработка со надлежните служби да преземе мерки и активности за организирање и извршување на пописот согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и да се обезбеди усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

### 4.3. Користење на средствата согласно законски прописи

4.3.1. Во текот на 2019 година на ставката - привремени вработувања извршени се плаќања во вкупен износ од 11.253 илјади денари по основ на 3 договори за јавна набавка на услуги за привремени вработувања. Поради неправилно планирање на потребите од јавни набавки и утврдување на мала проценета вредност на постапките која е помала и од 50% од буџетираните средства за оваа намена, го утврдивме следното:

- договорите вредносно се искористени пред истекот на нивното времетраење;
- склучени се анекси на договори и
- спроведени се две постапки за јавна набавка на ист вид на услуги во текот на една година чии договори временски се преклопуваат.

Имено во 2018 година е спроведена постапка за јавна набавка на привремени вработувања и склучен е договор[18] на износ од 5.000 илјади денари. Времетраењето на овој договор е 12 месеци односно до 10.07.2019 година. Со оглед на тоа дека средствата по основ на овој договор се потрошиле во јануари 2019 година, се пристапило кон објавување на нова јавна набавка. Во меѓувреме до реализација на новата набавка склучен е анекс на договорот бр. 08-488/1 од 31.01.2019 со кој е зголемена вредноста на постојниот договорот за 1.500 илјади денари со ДДВ, со што вкупната вредност на договорот изнесувала 6.500 илјади денари.

[18] бр. 26-2867/6 од 10.07.2018 година

Иако Општина Гази Баба имала склучено договор за отстапување на работници на работодавач за период од 01.01.2019 до 30.06.2019 година за 33 лица, истиот не се реализирал до крај со оглед дека вредносно бил исцрпен и е склучен нов договор за јавна набавка [19] на износ од 7.489 иљади за период од 1 година. На овој начин овие два договори се преклопиле за периодот од 04.03.2019 до 10.07.2019 година.

И овој договор вредносно бил исцрпен порано од планираното, во декември 2019 година поради што е направена измена на истиот од 03.12.2019 година и е зголемена вредноста на 7.989 иљади денари со ДДВ. Во текот на 2019 година по основ на овој договор исплатени се 7.925 иљади денари и 483 иљади денари во 2020 година. По основ на овој договор платени се вкупно 8.498 иљади денари. Со тоа е надмината вредноста на договорот за 419 иљади денари.

Во текот на 2019 година е спроведена уште една постапка за јавна набавка на услуга за привремени вработувања и склучен е договор на 03.12.2019 година на износ од 4.000 иљади денари со ДДВ, а исплатени се 496 иљади денари.

Надминување на вредноста на склучените договори и преклопување на три различни договори во текот на 2019 година се должи на неправилно планирање на набавката. Во буџетот за оваа намена се предвидени 15.000 иљади денари, а при распишување на јавната набавка утврдена е проценета вредност на истата од 7.000 иљади денари.

Во текот на 2020 година, оваа состојба е надмината со тоа што во Годишниот план за јавни набавки е предвидена проценета вредност на набавката од 15.000 иљади денари која е и спроведена.

4.3.2. Во текот на 2019 година Општина Гази Баба склучила договори за дело со физички лица за услуги од сликање, снимање, монтирање, режија. По основ на овие договори преземени се обврски во вкупен износ од 1.452 иљади денари, а во текот на 2019 година исплатени се 1.275 иљади денари.

Со склучување на овие договори Општината преземала обврска од 1.452 иљади денари без да спроведе постапка за јавна набавка за потреби од услуги за снимање, сликање, монтирање, графичка и техничка обработка од кои имала потреба во текот на цела година и кои Општината можела да ги предвиди во Годишниот план за јавни набавки. Дополнително со истите лица без да биде склучен договор, вршени се плаќања во износ од 200 иљади денари за ист вид на услуги. Во прилог на плаќањето нема поткрепувачка документација од која може да се потврди за кои активности се ангажирани овие лица. Оттука, Општината платила износ од 1.652 иљади денари за услуги за снимање, сликање, монтирање, графичка обработка и слично без да спроведе постапка за јавна набавка што е спротивно на член 40 од Законот за јавните набавки.

[19] бр. 26-537/7 од 04.03.2019 година

**Препорака:**

- Надлежните лица да ги утврдат реално потребите од јавни набавки, за реализација на Програмата за култура и сите манифестации предвидени во истата.
- Плаќањата да се вршат врз основа на поткрепувачка документација.

4.3.3. Општината склучила договор[20] на износ од 4.000 илјади денари со вклучен ДДВ за Ревитализација на улици и патишта на територијата на Општината. За изведените работи има изготвено прва времена/завршна ситуација на износ од 3.950 илјади денари, а извршено е плаќање во износ од 2.228 илјади денари.
Со увид во постапката за ЈН ревизијата утврди дека техничката спецификација и премер пресметката содржи само позиции и единична цена по позиција без да содржи количини согласно проектната документација за изведба на работите кое има влијание при изборот на најповолен понудувач. Договорниот орган има спроведено е - аукција по која е избрана најповолна понуда со единечна цена од 22 илјади денари, додека најскапиот понудувач е со цена од 145 илјади денари. Вака изготвената техничка спецификација без утврдени количини за одредени позиции придонело цените на одредени позиции во склучениот договор да се повисоки и од највисоко доставената понуда, така да за оваа инвестиција Општината ќе плати повеќе за 35% во однос на највисоко доставената понуда.

**Препорака:**
Надлежните служби при изготвување на техничките спецификации при јавните набавки за работи покрај позициите да ги ставаат и количините согласно изведбените проекти во функција на транспарентност.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.1. 4.2. и 4.3 се однесуваат на следното:

- Советот на Општината не ги усвоил Годишните планови за вработување;
- за прекувремената работа на вработените во текот на 2019 година Општината не пријавила во Државниот инспекторат на трудот;
- во Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации нема утврдено критериуми по кои ќе се распределуваат средствата;
- За финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортските манифестации;
- нецелосно извршен попис на материјалните средства и обврските;
- по Програмата за култура не се склучени авторски договори;

[20] бр бр. 26-1195/6 од 10.04.2019

- за дел од капиталните инвестиции не се почитуваат одредбите од Законот за градење;
- без спроведена постапка за јавна набавка склучени се договори за дело со физички лица за услуги од сликање, снимање, монтирање, режија.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.1., 4.2. и 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Гази Баба –сметка на основен буџет (637) на ден 31 декември 2019 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Гази Баба – сметка на основен буџет (637), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2019 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | | 0 | 0 |
| Неданочни приходи | | 0 | 0 |
| Задолжување во странство | | 0 | 0 |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 53.424 | 52.998 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 840 | 653 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 105.689 | 83.163 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 30 | 13 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 27.652 | 21.336 |
| Социјални бенефиции | 3.2.6. | 1.180 | 1.269 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **188.815** | **159.432** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 184.119 | 134.896 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **184.119** | **134.896** |
| **Отплата на главнина** | 3.4. | **13.756** | **13.756** |
| **Вкупно расходи** | | **386.690** | **308.084** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | | |
| Хартии од вредност | | | |
| Побарувања од земјата | 4.1.1. | 7 | 0 |
| Побарувања од вработени | 4.1.2. | 93 | 93 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 96.145 | 176.139 |
| Залихи | 4.1.4. | 21 | 465 |
| **Вкупно тековни средства** | | **96.266** | **176.697** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 18.121 | 19.304 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 1.267.551 | 1.207.753 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 138.597 | 118.859 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.424.269** | **1.345.916** |
| **Вкупна актива** | | **1.520.535** | **1.522.613** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 92.357 | 172.408 |
| Краткорочни финансиски обврски | | | |
| Обврски спрема државата и други институции | | | |
| Финансиски и пресметковни односи | | | |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 3.788 | 3.731 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 138.696 | 118.952 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **234.841** | **295.091** |
| **Долгорочни обврски** | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 1.285.694 | 1.227.522 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.285.694** | **1.227.522** |
| **Вкупна пасива** | | **1.520.535** | **1.522.613** |

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2019 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | капитал (залихи на материјали, | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2019 година** | **1.227.057** | **465** | **1.227.522** |
| **Зголемување по основ на:** | **105.679** | **356** | **106.035** |
| Набавки | 36.719 | 356 | **37.075** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 68.960 | | **68.960** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| **Намалување по основ на:** | **47.063** | **800** | **47.863** |
| Отпис на капитални средства | 593 | 800 | **1.393** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 47.043 | | **47.043** |
| Расход по одлука | (573) | | **(573)** |
| **Состојба 31.12.2019 година** | **1.285.673** | **21** | **1.285.694** |

# 1. ВОВЕД

**Дејност**

Општина Гази Баба е единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа преку облиците на непосредно изјаснување и преку демократски избрани органи на Општината.

Општина Гази Баба е надлежна за вршење на следните работи:

1. Планирање и уредување на просторот;
2. Заштита на животната средина и природата;
3. Локален економски развој;
4. Комунални дејности;
5. Култура;
6. Спорт и рекреација;
7. Социјална заштита и заштита на деца;
8. Образование - основање, финансирање и учество во управувањето со основните училишта на нејзиното подрачје;
9. Здравствена заштита;
10. Заштита и спасување;
11. Надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност, и
12. Други работи определени со закон.

Општина Гази Баба брои 72.617 жители (податок од статистика според последниот попис), опфаќа површина од 92 км2.
Општина Гази Баба како единица на локалната самоуправа има својство на правно лице со седиште на ул. Ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје.

Органи на општина Гази Баба се: Советот кој е претставнички орган на граѓаните го сочинуваат 27 – дваесет и седум советници избрани на локални избори во 2017 година со мандат од четири години и градоначалникот, кои се избираат за период од четири години.

**Организациона поставеност**
Согласно Одлука за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација бр.09-1680/7 од 22.04.2016 година, администрацијата на Општина Гази Баба е организирана во Сектори и одделенија и тоа:

1. **Сектор за поддршка на градоначалникот и јавни дејности**

1.1. Одделение за протокол, односи со јавноста и меѓународна соработка
1.2. одделение за јавни дејности

**2. Сектор за правни и општи работи**

2.1.Одделение за нормативно –правни работи, стручно административни и општи работи

2.2. Одделение за поддршка на советот и работните тела на советот

2.3.Одделение за месна самоуправа, заштита и спасување и одбрана

**3. Сектор за финансиски прашања**

3.1. Одделение за буџетска координација и буџетска контрола

3.2. Одделение за сметководство и плаќање

3.3. Одделение за администрирање на локални приходи

3.4. Одделение за координација на јавните набавки

**4. Сектор за урбанизам и градежно земјиште**

4.1. Одделение за урбанистичко планирање

4.2.Одделение за спроведување на урбанистички планови

4.3.Одделение за документирање на градежно земјиште

**5. Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај**

5.1. Одделение за комунални работи

5.2.Одделение за сообраќај

**6. Сектор за заштита на животна средина и природата**

6.1.Одделение за квалитет на амбиенталниот воздух, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење

6.2.Одделение за заштита и спречување од загадување на водата, земјиштето и заштита на природата

**7. Сектор за локален економски развој и информациско комуникациски развој**

7.1. Одделение за локален економски развој

7.2.Одделение за информациско комуникациски развој

**8. Сектор за инспекциски работи- инспекторат**

8.1.Одделение за комунална инспекција, инспекција за животна средина и градежна инспекција

8.2.Одделение за инспекциски надзор над вршењето на работите од други надлежности на општината

**9. Сектор за внатрешна ревизија**

9.1.Одделение за внатрешна ревизија на работењето на општинската администрација

9.2.Одделение за внатрешна ревизија на јавните установи и јавните претпријатија основани од општината

**10.1. Одделение за човечки ресурси**

**Интерни акти**

Основен акт на Општина Гази Баба е Статутот на Општината 07-142/1 од 16.01.2015 година со кој се уредуваат прашањата за: организацијата и работата на органите на општината; организацијата и работењето на комисиите на Советот на општината; вршењето на работите согласно начелото на супсидијарност; начинот на информирање на граѓаните и слободниот пристап до информации од јавен карактер; случаите на исклучување на јавноста од седниците на Советот на општината; начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на Општината и постапување по нив; начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните; начинот на објавувањето на прописите на Советот; начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба, во вонредна состојба, во кризна состојба и во заштита и спасување; месната самоуправа; начинот и постапката за утврдување на грбот и знамето на општината; како и други прашања од значење за општината.

Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Гази Баба бр. 08-1773/1 од 22.04.2016 година е донесен согласно одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор. Од страна на Министерство за информатичко општество и администрација дадена е согласност на Правилникот бр. 12/6-2089/2 од 12.05.2016 година. Усогласеноста на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Гази Баба и извршените измени, со одредбите од Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор е потврдена од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Со Правилникот се утврдени потребниот број на извршители, стручната подготовка, работното искуство, како и опис и попис на работи и работни задачи за секое работно место.

Изворите на средства за работење на Општина Гази Баба се обезбедуваат согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

Општина Гази Баба финансиското работење на сметката на Основниот буџет - 637 го врши преку сметка отворена во рамките на Трезорската сметка: 777014107663714.

Овластено лице за располагање со паричните средства на сметката на Општина Гази Баба е:

- Борис Георгиевски, градоначалник на Општина Гази Баба од 01.11.2017 година.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Општина Гази Баба нема донесено акт за основни сметководствени политики, но има донесено интерни акти, упатства, правилници и процедури:

- Постапка за планирање на Буџет;
- Постапка за ребаланс на Буџет;
- Постапка за зголемување, намалување и пренамена на средства;
- Постапка за подготовка, контрола и достава на плати за единки корисници на општинскиот буџет;
- Постапка за изработка на квартални извештаи;
- Постапка за Квартални планови за трошење на средствата од буџетот на Општината;
- Постапка за проследување на фактурите во одделението за сметководство и плаќање;
- Постапка за начинот на реализација на готовинското работење и работење со патни налози;
- Постапка за изготвување на годишна сметка;
- Постапка за реализација на попис на основни средства и ситен инвентар и
- Постапка за пресметка и исплата на плати.

**Основни начела**

2.1. Правото на корисниците за трошење на средства од Буџетот престанува на 31 декември. Сите неплатени обврски од фискалната година ќе бидат повторно одобрени и предвидени во позиција во Буџетот за следната фискална година.

2.2. Сите приходи на корисниците и нивните единки корисници, на единиците на локалната самоуправа и на фондовите се искажуваат во нивните буџети.

2.3. Обврските и трошоците се извршуваат во согласност со прописите за нивно извршување, а во рамките на проценетите трошоци во нивните буџети.

**Утврдување на приходи и расходи**

2.4. Признавањето на приходите и другите приливи, во билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување, во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост.

2.5. Расходите и другите одливи во билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководственото начело на парично искажување, во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

**Ограничувања**

2.6. Корисниците на буџетите и единките корисници се должни одобрените средства од Буџетот да ги користат наменски и не смеат да преземаат обврски над лимитот од одобрените средства.
2.7. Износите на приходите наведени во годишниот буџетски документ не се фиксно определени и лимитирани.

2.8. Износите на расходите утврдени со годишниот буџетски документ се сметаат како максимални износи и над овие износи не може да се преземаат никакви обврски.

2.9. Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределби во тековната фискална година.

2.10. Одобрените средства за плати, и надоместоци во рамките на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

2.11. Буџетските корисници се должни да водат посебно сметководство за средствата од буџетот и за другите приходи, поединечно по буџетски корисници, по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетските корисници.

**Утврдување на состојбата на билансните позиции**

2.12. Под проценување на билансните позиции се подразбира утврдување на вредноста на одделни билансни позиции.

2.13. Буџетските корисници/единките ги водат оние сметки на кои во текот на тековната година ќе се појават финансиски трансакции односно промени, како и оние сметки на кои постои почетна состојба на почетокот на фискалната година, побарувањата, состојбата и движењето на средствата, обврските и изворите на средствата.

2.14. Нематеријалните и материјални средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 ЕВРА во денарска противвредност може да се прикажат групно како ситен инвентар, кој се отпишува еднократно во целина при набавката.

2.15. При проценувањето на нематеријалните и материјални средства, во билансот се внесува износот на неотпишаната вредност на вложувањата, како и износите на набавната и отпишаната вредност.

2.16. Отписот на вредноста на нематеријалните и материјални средства се спроведува со праволиниска метода на отпис со примена на годишните стапки за отпис на средствата за буџетските корисници/единки корисници.

2.17. Основицата за отпис (пресметување на амортизација) се коригира за последователните издатоци со кои се подобрува состојбата на средството над неговиот корисен век на употреба, односно за вложувањата поради реконструкција, адаптација или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот и функционалната способност.

2.18. Основицата за амортизација се коригира и за дополнителната ревалоризациона вредност на нематеријалните и материјални средства.

2.19. Основица за отпишување на нематеријалните и материјални средства примени без надомест претставува проценетата набавна вредност.

2.20. Материјалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства почнале да се користат за вршење дејност. Нематеријалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства се спремни за употреба.

2.21. Отпишувањето на нематеријалните и материјални средства може привремено да се прекине за средствата што се оштетени од виша сила, до нивното оспособување за користење.

2.22. Обврската за отпишување не се однесува на следниве нематеријални и материјални средства:

- земјишта и шуми;
- градежни објекти и предметите - споменици на културата, историски споменици, дела на ликовната, вајарската, филмската и друга уметност (освен ако овие објекти не се користат за дејност од која се остваруваат приходи) и книгите во библиотеките;
- патиштата од локално значење со земјена и макадамска подлога, како и објектите кои се нивен составен дел;
- средствата кои трајно се надвор од употреба;
- средства чија употреба не е временски ограничена.

2.23. Амортизација се пресметува поединечно за секое средство во рамките на групите, се додека вредноста на нематеријалните и материјални средства не биде во целост надоместена.

2.24. Еднаш отпишано нематеријално и материјално средство, не може да биде предмет на повторно проценување и отпишување, без оглед на тоа што и натаму истото се користи.

2.25. Изворите на капитални средства со кои располагаат и управуваат корисниците на средства од буџетите ги сочинуваат:

- Државен - јавен капитал;
- Останат капитал (залихите на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност);
- Тековни обврски;
- Долгорочни обврски, и
- Извори на други средства

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 3.1. Трансфери и донации

Во Билансот на приходи и расходи на сметката на основен буџет (637) на Општина Гази Баба во 2019 година се искажани трансакции во износ од 386.690 илјади денари (2018 година-308.084 илјади денари), кои претставуваат трансферирани средства од буџетот на општината за финансирање на платите на вработените во општинската администрација, надоместоците на членовите на советот на општината, исплата на средства од резервите, набавката на стоки и услуги, каматни плаќања, субвенции и трансфери, социјални бенефиции и за капитални расходи.

### 3.2. Тековни расходи

### 3.2.1. Плати и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основен буџет (637), од средствата кои се обезбедени од сметката на основен буџет (630) на Општина Гази Баба согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по следните основи:

- плати и надоместоци, кои опфаќаат: плати на градоначалникот, административните службеници и другите вработени во општинската администрација, плата за прекувремена работа и персонален данок на плати и надоместоци;
- придонеси за социјално осигурување кое ги опфаќа придонесите за ПИО, придонеси за здравство, придонеси за професионално заболување и придонеси до Агенцијата за вработување и
- надоместоци на членовите на советот и надомест за годишен одмор.

во 000 денари

| Опис | 2019 | 2018 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Плати и надоместоци | 33,566 | 34,916 |
| Придонеси за социјално осигурување | 12,479 | 12,704 |
| Надоместоци | 7,379 | 5,378 |
| **Вкупно:** | **53,424** | **52,998** |

### 3.2.2. Резерви и недефинирани расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени од сметката на основен буџет (630) на Општина Гази Баба, по основ на

Тековни резерви (разновидни расходи). Трошоците по овој основ во 2019 година изнесуваат 840 илјади денари (2018 година – 653 илјади денари).

### 3.2.3. Стоки и услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи од сметката на основен буџет (637), од средствата кои се обезбедени од основен буџет (630), и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат: сместување за службен пат во земјата, патни расходи, сместување, дневници и споредни расходи за службен пат во странство;
- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт кои опфаќаат расходи за: електрична енергија, водовод и канализација, ѓубретарина, централно греење, течни горива, пошта, фиксни и мобилни телефони, други трошоци за комуникација, горива и регистрација на моторни возила во сопственост на општината и транспорт на луѓе;
- материјали и ситен инвентар, кои опфаќаат набавка на: канцелариски материјали, списанија и весници, материјали за АОП, прехранбени продукти и пијалаци, наставно образовни помагала, средства за одржување на хигиена и други материјали за посебни намени;
- поправка и тековно одржување кои опфаќаат: поправка и сервисирање на лесни возила, поправки е сервисирање на товарни возила, одржување на згради, дезинфекција, дезинсекција и дератизација, одржување на автопати, улици и патишта, одржување на други градби, поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема, поправка и одржување на машини, поправка и одржување на друга опрема и одржување на други зелени површини;
- договорни услуги кои опфаќаат: изнајмување на канцелариски простор и опрема, изнајмување на друг тип на простор, банкарска провизија, осигурување на недвижности и права, осигурување на моторни возила, правни услуги, судски вештачења, плаќање на судски такси, изработка на просторни и урбанистички планови, услуги за копирање, печатење и издавање, рушење на објекти, консултантски услуги и други договорни услуги;
- други тековни расходи кои опфаќаат: членарини во домашни организации, расходи за репрезентација, семинари и конференции, објавување на огласи и други оперативни расходи и
- привремени вработувања.

во 000 денари

| Опис | 2019 | 2018 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Патни и дневни расходи | 333 | 78 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 35,077 | 32,842 |
| Материјали и ситен инвентар | 2,109 | 2,282 |
| Поправка и тековно одржување | 31,624 | 25,442 |
| Договорни услуги | 16,464 | 8,639 |
| Други тековни расходи | 8,829 | 5,864 |
| Привремени вработувања | 11,253 | 8,016 |
| **Вкупно:** | **105,689** | **83,163** |

### 3.2.4. Каматни плаќања

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени од сметката на основен буџет (630) на Општина Гази Баба, по основ на каматни плаќања. Трошоците по овој основ во 2019 година изнесуваат 30 илјади денари (2018 година – 13 илјади денари).

### 3.2.5. Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи од средствата кои се обезбедени од Буџетот на општината, и тоа по следните основи:

- Субвенции за јавни комунални претпријатија;
- трансфери до невладини организации кои опфаќаат: трансфери до здруженија на граѓани и фондации и до спортски клубови;
- разни трансфери кои опфаќаат: стипендии за поддршка на млади таленти, плаќање по судски решенија, трансфери при пензионирање и други трансфери.

во 000 денари

| Опис | 2019 | 2018 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Субвенции за јавни комунални претпријатија | 14.493 | 9.172 |
| Трансфери до невладини организации | 6.418 | 7.839 |
| Разни трансфери | 6.741 | 4.325 |
| **Вкупно:** | **27.652** | **21.336** |

### 3.2.6. Социјални бенефиции

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба, по основ на еднократна парична помош и помош во натура и помош за новороденчиња. Трошоците по овој основ во 2019 година изнесуваат 1.180 илјади денари (2018 година – 1.269 илјади денари).

## 3.3. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи од средствата кои се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба, и тоа по следните основи:

- купување на опрема и машини кои опфаќаат: расходи за набавка на информатичка и видео опрема, купување на опрема за греење и климатизација и купување на друга опрема;
- други градежни објекти кои опфаќаат расходи за: подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на улици, патишта и автопати, изградба на улици, патишта и автопати, реконструкција на улици, патишта и автопати, подготвување проекти, вклучувајќи дизајн на пречистителни станици и колектори, изградба на пречистителни станици и колектори, и реконструкција на пречистителни станици и колектори, подготвување проекти вклучувајќи дизајн на капацитети за водоснабдување, изградба на капацитети за водоснабдување, реконструкција на капацитети за водоснабдување, подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти, изградба на други објекти, реконструкција на други објекти;
- купување на канцелариски мебел;
- вложувања и нефинансиски средства кои опфаќаат: компјутерски софтвер, земјиште и надомест за одземен имот.

во 000 денари

| Опис | 2019 | 2018 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Купување на друга опрема | 1.290 | 1.243 |
| Други градежни објекти | 181.931 | 119.513 |
| Купување на мебел | 20 | 327 |
| Вложувања и нефинансиски средства | 878 | 3.408 |
| Купување на возила | 0 | 408 |
| капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 0 | 9.997 |
| **Вкупно** | **184.119** | **134.896** |

## 3.4. Отплата на главнина

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба, по основ на отплата на годишна рата по Договор за Под заем бр. МСИП/14 од 2011 година склучен помеѓу

Република Македонија претставувана од Министерство за финансии и Општина Гази Баба заемопримач – корисник на под заем, за реализација на Проект за подобрување на општинските услуги. Трошоците по овој основ во 2019 година изнесуваат 13.756 иљади денари (2018 година – 13.756 иљади денари).

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## АКТИВА

### 4.1. Тековни средства

**4.1.1. Побарувања од земјата**

Оваа позиција во 2019 година е проценета во висина од 7 иљади денари (2018 година оваа позиција изнесува 0) и се однесува на неплатени закупнини.

**4.1.2. Побарувања од вработени**

Оваа позиција во 2019 година е проценета на 93 иљади денари (2018 година 93 иљади денари) побарувања од вработени на име подигнати аконтации за службени патувања.

**4.1.3. Активни временски разграничувања**

Оваа позиција е проценета во висина од 96.145 иљада денари (2018 година – 176.139 иљада денари) и е усогласена со салдото искажано на сметка краткорочни обврски спрема добавувачи, краткорочни финансиски обврски, обврски спрема државата и други институции и краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените и долгорочни обврски долгорочни кредити.

**4.1.4. Залихи**

Оваа позиција во 2019 година е проценета на 21 иљада денари(2018 година-465 иљади денари) и се однесува на материјали на залиха.

### 4.2. Постојани средства

**4.2.1. Нематеријални средства**

Оваа позиција во 2019 година е проценета во износ од 18.121 иљади денари (2018 година– 19.304 иљади денари) и претставува сегашна вредност на основачки издатоци и издатоци за истражувања и развој и патенти, лиценци. Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на нематеријалните средства за 2019 година е 47.043 иљади денари.

**4.2.2. Материјални средства**

Оваа позиција е проценета во висина на вредноста на градежни објекти и целокупната опрема која во смисла на законските прописи ја претставува сегашната вредност добиена како разлика помеѓу набавната вредност и исправката на вредноста.

Сегашната вредност на материјалните средства на Општина Гази Баба на крајот на 2019 година изнесува 1.267.551 илјади денари (2018 година – 1.207.753 илјади денари) и е усогласена со дел од проценетата состојба на позицијата Извори на капитални средства.

### 4.2.3. Материјални средства во подготовка

Оваа позиција во 2019 година е проценета на 138.597 илјади денари (2018 година-118.859 илјади денари) и се однесува на инвестиции во тек- градежни објекти.

Состојбата и промените на постојаните средства во 2019 година се прикажани аналитички по групи во следната табела:

**ПРОМЕНИ КАЈ ПОСТОЈАНИТЕ СРЕДСТВА ВО 2019 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Градежни објекти | Опрема | Книги | Нематеријални средства | Инвестиции во тек-градежни објекти, опрема и друго | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 4 | 5 | 6 | 7=од 1 до 6 |
| | 020 | 022 | 010+011 | 00 | 030 | |
| **Набавна или ревалоризирана вредност** | | | | | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2019** | **1.368.178** | **25.609** | **38** | **19.304** | **118.859** | **1.531.988** |
| Набавки во текот на годината | 28.809 | 1.618 | | 6.292 | 88.698 | 125.417 |
| Пренос од средства во подготовка(во употреба) | 68.960 | | | | | 68.960 |
| **Вкупни зголемувања:** | **97.769** | **1.618** | - | **6.292** | **88.698** | **194.377** |
| Расходување | | 593 | | | | 593 |
| Пренос од средства во подготовка(во употреба) | - | | | | 68.960 | 68.960 |
| **Вкупно намалување** | - | **593** | - | - | **68.960** | **69.553** |
| Ревалоризација | | | | | | - |
| **Состојба на ден 31. Декември 2019** | **1.465.947** | **26.634** | **38** | **25.596** | **138.597** | **1.656.812** |
| **Исправка на вредност** | | | | | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2019** | **160.543** | **25.529** | | - | | **186.072** |
| Амортизација за тековната година | 44.044 | (4.476) | | 7.475 | | 47.043 |
| Расхододување | | -573 | | | | (573) |
| Ревалоризација | | | | | | - |
| **Состојба на ден 31.Декември 2019** | **204.587** | **20.480** | - | **7.475** | - | **232.542** |
| **НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12.2019** | **1.261.360** | **6.154** | **38** | **18.121** | **138.597** | **1.424.270** |
| **НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12.2018** | **1.207.635** | **80** | **38** | **19.304** | **118.859** | **1.345.916** |

# ПАСИВА

## 4.3. Тековни обврски

### 4.3.1. Краткорочни обврски спрема добавувачите

Оваа позиција е проценета во износ од 92.357 илјади денари (2018 година – 172.408 илјади денари) и се однесуваат за обврски спрема добавувачите.

### 4.3.2. Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените

Оваа позиција е проценета во висина на обврските за пресметани, а неисплатени краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените за месец декември 2018 година во вкупен износ од 3.788 илјада денари (2018 година – 3.731 илјада денари).

### 4.3.3. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција  е проценета во висина 138.696 илјади денари (2018 година – 118.952 илјади денари) и се однесува на инвестиции во тек- градежни објекти, закупнина за објекти и аконтации за службени патувања.

## 4.4. Извори на средства

### 4.4.1. Извори на капитални средства

Оваа позиција на 31.12.2019 година е проценета во висина на номиналната вредност на изворите на капиталните средства во износ од 1.285.694 илјади денари составен од сегашната вредност на Материјалните средства (2018 година– 1.227.522 илјади денари) и ја опфаќа набавната вредност на материјалните средства зголемени за новонабавени средства и намалени за износот на пресметаната амортизација.